Дневни билтени

**2015**

Февруари
Март
Април
Мај
Јуни
Јули
Август
Септември
Октомври
Ноември
Декември

**2016**

**2017**

**2018**

**2019**

**2020**

## Извадок на дел од дневни настани 22.01.2019

На 21.01.2019 година околу 16.25 часот, на излезот од Штип кон Велес, полициски службеници извршиле преглед на патничко возило „Фолксваген туран“ со скопски регистарски ознаки, како и преглед на патниците А.А.(30), П.Р.(27) и Е.П.(30), сите од Скопје. Притоа, биле пронајдени две кеси во кои имало хероин, марихуана и прашкаста материја позната под името „катка“ за мешање на хероинот. Лицата биле лишени од слобода и приведени во Полициската станица Штип. По целосно документирање на настанот против нив ќе биде поднесена кривична пријава за сторени кривични дела

„неовластено производство и пуштање во промет на наркотични droги, психотропни супстанции и прекурсори" и „овозможување на употреба наркотични droги и психотропни супстанции", казниви по член 215 и член 216 од Кривичниот законик на Република Македонија.

На 22.01.2019 година во 01,50 часот на Граничен премин Табановце, за влез во Р.Македонја се пријавил С.С.(32) од Куманово и при извршената пасошка контрола е констатирано дека истиот се бара за издржување казна затвор во траење од една година, за сторено кривично дело "тешка кражба" по член 236 став 1, а во врска со член 22 од КЗ. Лицето е приведено и предадено на полициски службеници од СВР Куманово, со цел спроведување до КПУ-Затвор Идризово.

На 21.01.2019 година во 16,30 часот во Полициската станица Центар Д.Б.(20) од Скопје пријавил дека истиот ден околу 11,30 часот бил каснат од куче-скитник во пределот на десната подколеница.

На 21.01.2019 година околу 06.30 часот во Битола на улица „Коле Лачето" настанал пожар во помошна просторија, сопственост на З.П. и И.П. Од извршениот увид било утврдено дека од пожарот е оштетена печка на пелети со котел а целосно е изгорена и помошната просторија. Од пожарот оштетена е уште една просторија. Извршен е увид.

Во текот на изминатиот ден (21.01.), на подрачјето на Секторот за внатрешни работи Скопје се случиле 13 сообраќајни незгоди од кои четири со телесни повреди и девет со материјална штета. При сообраќајните незгоди девет лица се здобиле со лесни телесни повреди.  68 возачи се санкционирани бидејќи се движеле со поголема брзина од дозволената. Исто така исклучени се и 12 возачи бидејќи девет го управувале возилото пред да се стекнат со право за управување на моторно возило, двајца биле возачи почетници и еден го управувал возилото под дејство на алкохол. 11 возила се исклучени од сообраќај бидејќи 10 биле нерегистрирани и едно технички неисправно. Санкционирани се и тројца возачи кои поминале крстосница на црвено светло, двајца не дале првенство на минување на пешаци, тројца не носеле сигурносен појас и осум користеле мобилен телефон додека го управувале возилото. Во однос на пешаците санкционирани се 11 пешаци кои поминале коловоз надвор од пешачки премин и седум кои поминале на црвено светло. Во текот на изминатиот ден издадени се 59 мандатни платни налози,  додека исто така 62 возила се подигнати со "Пајак".

Надворешната канцеларија за криминалистички работи Берово поднесе кривична пријава против Г.В.(47) од село Умлена, пехчевско, за сторено кривично дело „злоупотреба на службената положба и овластување". Во периодот од 2013 година до 2017 година, пријавената како директор на ОЈУДГ „7-Ми Сетември" во Пехчево, без спроведена постапка за доделување на договор за јавни набаки, ангажирала лице за изготвување на финансиски извештаи и програми, за што на истото му исплаќала парични износи повисоки од 500 евра, со што нанела штета од 236.500 денари на Буџетот на ОЈУДГ „7-ми Септември" – Пехчево.

Надворешната канцеларија за криминалистички работи Струга поднесе кривична пријава против С.М.(53) од село Враништа, струшко, за сторено кривично дело ,,фалсификување исправа" и против М.Р.(42) од село Долна Белица, струшко за сторено кривично дело „соизвршителство" во врска со "фалсификување на исправа". Првопријавениот, вработен во станица за технички преглед на возила ПСС–село Драслајца, набавил лажен договор за купопродажба на товарно моторно возило „Мерцедес вито", како и лажна сообраќајна дозвола за истото, на кои како сопственик го навел Е.Р. татко на второпријавениот, по што истите ги употребил во постапка идентификација на наведеното возило, во Бирото за метеорологија при Министерството за Економија-Скопје, со цел да ја искористи погодноста по член 24 од Законот за возила. Второпријавениот, ја приложил ваквата документација во МВР – ОУР Струмица при поднесување на барање за регистрација на наведеното возило.

Надворешната канцеларија за криминалистички работи Кавадарци поднесе кривична пријава против М.В.(33) од Кавадарци за сторено кривично дело "кражба" и против Т.В.(38) од Кавадарци за сторено кривично дело "оштетување и неовластено навлегување во компјутерски систем". На 08.10.2017 година во Кавадарци на улица "Едвард Кардељ", пријавената, од 56 годишно лице од Кавадарци, одзела новчаник во кој имало пари, две картички од банка и лична карта. Потоа, истиот ден во 18.35 часот во Кавадарци од банкомат на улица "Илинденска" второпријавениот, сопруг на првопријавената, од претходно украдените картички повлекол пари.

На 21.01.2019 вработен во Казнено поправна установа „Идризово" пријавил дека околу 15.00 часот во КПУ „Идризово" затвореникот Г.Н.(45) од Кавадарци, се обидел да се обеси со ремен, но од страна на други затвореници ременот бил отстранет. На пат кон комплекс клиники „Мајка Тереза" Г.Н. починал. Известен е јавен обвинител, кој наредил обдукција на телото на починатиот. Се преземаат мерки за расчистување на случајот

На 22.01.2019 година во 00,30 часот С.К.(23) од Скопје, пријавил дека на 21.01.2019 година околу 22,00 часот, во казино на булевар "Партизански одреди" бил физички нападнат од страна на А.А. и О.А. Се преземаат мерки за целосно расчистување на случајот.

Надворешната канцеларија за криминалистички работи Прилеп поднесе кривична пријава против В.Р.Б.(41) од село Големо Радобил, прилепско за сторено кривично дело „кражба" и против Н.К.(24) од село Бузалково, прилепско за сторени кривични дела "помагање" во врска со „кражба" и кривично дело „прикривање". На 01.11.2018 година, второпријавениот го ангажирал првопријавениот да изврши превоз на бесправно исечени букови

огревни дрва, за кои истиот набавил лажна испратница од ПШС „Црн Бор‟. По ова, истиот ден во Прилеп, од страна на полициски службеници при преглед на товарно моторно возило „Мерцедес‟, управувано од првопријавениот, биле пронајдени огревни дрва, за кои испратницата била несоодветно изготвена. При тоа, од страна на полициските службеници било констатирано и дека второпријавениот не поседувал содветна лиценца за превоз на стока издадена од Министерството за транспорт и врски.

На 21.01.2019 година во 14,30 часот во Полициската станица Гази Баба од Јавната установа "Ранка Милановиќ‟ било пријавено дека истиот ден околу 09,45 часот нивен 17 годишен штитеник самоволно ја напуштил установата. Истиот ден во 15,50 часот во Полициската станица Кисела Вода Љ.К.(47) од Скопје пријавила дека околу 14 часот во семејниот дом од страна на нејзиниот 17 годишен син, кој избегал од Јавната установа "Ранка Милановиќ‟ физички била нападната. Во Полициската станица Кисела Вода и Т.М.(39) од Скопје пријавила дека во продавница на улица "Христо Татарчев‟ додека била на работното место 17- годишниот малолетник влегол со нож во раката и упатил вербални закани. По преземени мерки од полициски службеници лицето било приведено и по целосното расчистување и документирање на случајот ќе следи соодветен поднесок. Потоа малолетникот бил вратен во установата од каде се оддалечил.

Надворешната канцеларија за криминалистички работи Гостивар поднесе кривична пријава против И.С.(51) од село Романовце, кумановско, за сторено кривично дело "бесправно градење”, против В.Р.(35) и С.Е.(40), двајцата од Гостивар за сторени кривични дела "несовесно работење во службата” и "злоупотреба на службената положба и овластување” и против Ф.С.(49) од Гостивар за сторено кривично дело "бесправно градење”. Во периодот од 2015 година до 2018 година во Гостивар, првопријавениот, како инвеститор, изградил колективен станбен објект, на кој, спротивно на одобрението за градба, изградил дополнителен кат и поткровје. Второ и третопријавениот, како градежни инспектори во општина Гостивар, не извршеле надзор на наведената градба, со што му овозможиле на првопријавениот да одбегне плаќање на комуналии и други давачки за изградба на наведениот објект, на штета на буџетот на општина Гостивар. Четвртопријавениот, изведувач на наведениот објект, вршел градежни активности на истиот, без основен проект и писмен договор со инвеститорот на градбата.

На 21.01.2019 година во 14,40 часот вработен во Јавно претпријатие „Комунална хигиена‟ пријавил дека на улица „Македонска преродба‟ во Скопје додека работници собирале смет, до контејнер пронашле две, според пријавеното, експлозивни направи. Веднаш се преземени соодветни мерки и активности и утврдено е дека станува збор за две употребени чадни бомби, кои покрај контејнерот ги оставил С.С.(62) од Скопје.

Надворешната канцеларија за криминалистички работи Гостивар поднесе кривична пријава против Б.З.(54) и Ф.С.(49), двајцата од Гостивар за сторено кривично дело "бесправно градење", и против В.Р.(35) и С.Е.(40), двајцата од Гостивар за сторени кривични дела "несовесно работење во службата" и "злоупотреба на службената положба и овластување". Во Гостивар на улица "Страхиња Симоноски", првопријавениот, како инвеститор, без одобрение за градба, изградил колективен станбен објект. Второпријавениот, изведувач на наведениот објект, вршел градежни активности на истиот, без одобрение за градба, основен проект и писмен договор со инвеститорот на градбата. Трето и четвртопријавениот, како градежни инспектори во Општина Гостивар, не извршеле надзор на наведената градба, со што му овозможиле на првопријавениот да одбегне плаќање на комуналии и други давачки за изградба на наведениот објект, на штета на буџетот на Општина Гостивар.
На 22.01.2019 во 00.30 часот , полициски службеници на Секторот за внатрешни работи Тетово-Полициска станица Гостивар го лишиле од слобода 31-годишниот Ѓ.М. од гостиварското село Здуње, кај кого пронајден е кокаин. Против Ѓ.М. ќе биде поднесен соодветен поднесок по документирање на случајот.

На 21.01.2019 околу 16:50 часот на ул. „Киро Ристевски-Дрнц" во Тетово, лишен од слобода е А.Е. (45) од Тетово. При преглед, кај него е пронајден и одземен му е хероин. Против А.И. ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 21.01.2019 околу 19 часот на ул. „Гоце Делчев" во Гостивар лишени од слобода се С.А.(22 ) и Т.М.( 39 ) од Гостивар, поради сомнение за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанци и прекурсори". Кај нив била пронајдена и одземена марихуана. По документирање на случајот ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 21.01.2019 година во 13.45 часот во СВР Струмица, вработен во шумска полиција пријавил дека истиот ден околу 13.30 часот, на место викано „Палазлија", во службеното возило „Дачиа", кое било паркирано покрај регионалниот пат Берово-Струмица, удрило возило „Мерцедес" со бугарски регистерски ознаки во кое имало дрва, управувано од А.С. од село Старо Балдовци. Според пријавеното, А.С. почнал да им се заканува на вработените во шумската полиција и потоа го испрскал неговото возило со бензин и го запалил, по што побегнал. Увид на местото извршиал екипа од СВР Струмица. Се работи на расчистување на случајот.

Надворешната канцеларија за криминалистички работи Кочани поднесе кривична пријава против Д.С.(40) од Кочани за сторено кривично дело

„убиство во обид". На 18.01.2019 година околу 17,15 часот во угостителскиот објект во Кочани по расправија помеѓу две групи на лица, Д.С. со пиштол пукал кон Д.З. и го погодил во десната страна од стомакот и десната подлактица.


МИНИСТЕРСТВО

» Министер (/profilepage/minister)

» Заменик министер (/profilepage/zamenik-minister)

» Државен секретар (/profilepage/drzhaven-sekretar)

» Биро за јавна безбедност (/page/biro-za-javna-bezbednost)

АНАЛИЗИ И СТАТИСТИКИ

» Сообраќај (/analizistatistiki/soobrakjaj)

» Јавен ред и мир (/analizistatistiki/javen-red-i-mir)

» Гранични работи (/granichni-premini)

» Криминалитет (/analizistatistiki/kriminal)

ИНСТИТУЦИИ

» Влада

инте

» Претседател

» Собрание

» Јавно обвинителство (http://www.jorm.org.mk/)

» Центар за обука (/profilepage/pomoshnik-minister-co)

ОСТАНАТИ ЛИНКОВИ

» Фото галерија (/foto-galerii)

» Видео галерија (https://www.youtube.com/user/MV

» Закажување со лични документи (/kontakt-centar)

» Адреси и контакт телефони (/Upload/Documents/Adresi-i-kontakt-telefoni.pdf)

» Архива (http://www.mvr.gov.mk/DesktopDe tabindex=0&tabid=127)



Секој упад и злоупотреба на веб страницата на МВР е казнив по член 251 од КЗ на Република Северна Македонија



Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија, ул.Димче Мирчев бр.9, 1000 Скопје.

тел: +389 (0)2 3 117 222 факс: (02)3112468 е-пошта: kontakt@moi.gov.mk



Изработено од Унет

(https://www.facebook.com/makedonskapolicija/) (https://www.youtube.com/user/MVRMacedonia1231)